РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-1281
07-08 2017 година
СКОПЈЕ

Република Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања
СКОПЈЕ

| Примено: | 14.08.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | -1050 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), по Решение за давање генерално овластување број 08-8064/1 од 03.07.2017 година на министерот за образование и наука, државниот секретар во Министерството за образование и наука донесе

## РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиските програми од трет циклус тригодишни студии по Социологија на организација, Социологија на окружувањето и Демократија во услови на глобализација на Институтот за социолошки и политичко – правни истражувања при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од трет циклус тригодишни студии по Социологија на организација, Социологија на окружувањето и Демократија во услови на глобализација на Институтот за социолошки и политичко – правни истражувања при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Институтот за социолошки и политичко – правни истражувања при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр. 03-847/1 од 28.06.2017 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-1281 од 29.06.2017 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од трет циклус тригодишни студии по Социологија на организација, Социологија на окружувањето и Демократија во услови на глобализација на Институтот за социолошки и политичко – правни истражувања при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, единица во состав, по добиеното Решение за акредитација бр. 18-23/2 од 22.06.2017 година, 18-23/3 од 22.06.2017 година и 18-23/4 од 22.06.2017 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1281 од 19.07.2017 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од трет циклус тригодишни студии наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 25.07.2017 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1281 од 27.07.2017 година, каде е наведено дека за студиските програми од трет циклус тригодишни студии по Социологија на организација, Социологија на окружувањето и Демократија во услови на глобализација на Институтот за социолошки и политичко – правни истражувања при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за

вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**Анета Трпевска**

**Доставена до:**

- **Примач**
- **Архива**
-

изработил: м-р Викторија Димкоска
контролирал: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити